

Коцијанчич: Решението на кризите во Македонија и во Албанија е резултат на силна работа



И покрај ладното време лицата со посебни потреби не се откажаа од кампување



Иванов: Со Јордан постигнавме напредок во сферата на разузнавање и размена на информации



).39 % TTK 810.00 0.87 % USJE 22,817.46 0.52 % ZILU 165.00 -2.94 %

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

08.10.2008, 18:08

# ДЕСТРУКЦИЈАТА ВО 2001 ПРИВЛЕКУВА ПУБЛИКА



**Американско-македонската изложба на Универзитетот Тексас АиМ - Корпус Кристи ќе биде затворена во ноември**

**Катерина Богоева**

Американско-македонската изложба „Катастрофата и креативноста: уметноста во времето на неизвесност“ по нејзиното првично презентирање пролетва во Музејот на современата уметност во Скопје, на крајот од летово беше отворена и во галеријата Веил, на Универзитетот Тексас АиМ - Корпус Кристи и публика ќе може да ја види и во текот на ноември. Куративорката од македонска страна, Лилјана Неделковска и соработничката Мира Гаќина (која заедно со еден од уметниците од земјава, Тихомир Топузовски присуствуваше на отворањето во Тексас), деновиве посочуваат на специфичните сегменти од ликовното претставување на дела од 35 автори, чија што обединувачка точка е моќта на разурнувањето во 2001 година.

Во опишувањето на разликата во приемот кај публиката во двете држави, двете тргнаа од доживеаните искуства на отворањата на изложбите, потенцирајќи одредени специфики важни за едниот и другиот простор. „Отворањето на изложбата во галеријата Веил, предизвика голема заинтересираност, многу поголема отколку што очекував. Цел град беше во знак на тоа, насекаде се поставија табли. Изложбата уште поактуелна ја направи и една коинциденција: токму тие денови Америка, а особено Луизијана и Тексас страдуваа од можните последици од ураганот Густав, кој го поштеди Корпус Кристи, но неколку дена подоцна, сепак, еден друг ураган Ајк, им нанесе делумни штети. Тексашаните покажаа интерес, желба за разговор, љубопитност кон македонските дела. Постоеше чувство дека изложбата е направена заради нешто. За мене тоа беше потврда дека заради нашата изолација или немање на вистински информации, заборавеме, или не сме свесни дека нашите уметници имаат квалитет. Немаме параметри или немаме каде да се споредуваме, правиме изложби за нас самите, немаме како да ја направиме компарацијата“ - смета Гаќина.

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ПРОМОЦИЈА НА НОВИОТ ОБЈЕКТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА В НЕДЕЛА СО ЕКСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ
- ТРАНСМЕТ" НА СЕАД КОЧАН ДОБИ УШТЕ ТЕНДЕР ОД ЕЛЕМ
- СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ СО ТАРИФНИК ЗА МИНИМАЛЕН НАДОМЕСТ ЗА УСЛУГИТЕ
- РИСТОВСКИ: УНИКУВАЊЕТО НА ЕКСТЕРНОТО НЕ Е РЕФОРМА, ТУКУ АНТИРЕФОРМА
- СДСМ НАЈАВУВА БИТКА ЗА ПРИНЦИПИ, НЕ ЗА РЕСОРИ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Неделковска посочи дека доколку приемот на изложбата во Македонија го опише како одличен, тоа и не би било далеку од вообичаената вистина што се повторува како фраза. „Но, што значи тоа?, се прашува таа. Кај нас секоја изложба има своја публика, особено на отворањето. И тука се' започнува и се' завршува.Тоа е константа, шаблон, некаков вид на културен условен рефлекс. Но, ако се земе во предвид дека изложбата не предизвика некој дополнителен интерес, љубопитство или критика, тогаш морам да бидам резервирана во својот афирмативен одговор. Но, кај нас речиси секоја изложба се прима на овој начин. Како да постои некаков премолчен договор за доследно спроведување на еден „културен концепт“ кој може да се нарече „молчење“ (но, се разбира не во онаа смисла во која Мишел Фуко се залагал за молчењето „како културен етос”).




Американско-македонската соработка на ликовниот проект кој е реализиран без неочекувани проблеми е започната во 2005 година. „Добивањето на грантот од програмата ИПАМ на Американската асоцијација на музеи од Вашингтон, ја овозможи соработката, како и финансиската подршка за реализацијата на изложбата од Министерството за култура на Р. Македонија и Универзитетот Тексас А и М од Корпус Кристи. Колешката Кери Роут и јас работевме заедно на концептот на изложбата, разменувајќи идеи и предлози преку електронска пошта уште во фазата на аплицирање до ААМ/ИПАМ. Чувствувавме дека 2001 година е важна година за САД и за Македонија, одбележана со терористичкиот напад на 11.09. во САД и воениот конфликт во Македонија. Исто така, Јужен Тексас секоја година се соочува со реална можност од разурнувачки урагани во периодот меѓу јуни и октомври, додека во Скопје, луѓето живеат со можноста од уништувачки земјотрес. Има нешто морбидно и вознемирувачко во фактот што веднаш после отворањето на изложбата во Корпус Кристи, ураганот Ајк го погоди Јужен Тексас. За среќа Корпус Кристи остана надвор од неговиот разурнувачки опсег“ - вели меѓудругото Неделковска.

Гаќина забележува дека во Тексас поинаку функционираат и институциите и поединците, но и дека меѓу кураторите од двете страни немало големи разидувања. „Кураторите можеби се делат по уметничка ориентација, но не се делат по националност“. Запрашани пак за своите доживувања на сличностите меѓу двете држави, посочија: „Незнам, можеби како некаква сличност може да се издвои и нагласеното национално чувство, односно фантазмот на традицијата (во Корпус Кристи тоа е традицијата на американскиот запад, кај нас милениумската традиција и култура). Актуелноста, современоста и тука и таму како да е сведена на некаков неизбежен декор, сценографија, како да е тука само за да ја потврди доминантната стратегија на културата и уметноста“ - вели Лилјана Неделковска. Фактот пак дека Скопје и Корпус Кристи се мали средини, а дека уметниците покажале спремност во нив да делуваат, а да не заминат во светските центри, ја фасцинира Мира Гаќина. Двете велат дека иднината на започнатата уметничка соработка зависи од понатамошните залагања на уметниците, од стратегијата и политиката на културните институции и го издвојуваат покажаниот интерес на уметниците од Тексас за соработка со Македонија.

Младиот уметник Тихомир Топузовски, чие што дело „Фрагменти“ се најде на фронталната страна на поканата и на каталогот за изложбата во Тексас, смета дека проектот успеал со учеството на многу уметници од различен средини да изгради една импресивна ликовна поставка. “Значајно е што кураторите пронајдоа точка на пресекување во овој концепт, каде се соредоточија различни одговори од уметниците на една заедничка тема ,,Катастрофите“. Тој во универзитетскиот амфитеатар во Корпус Кристи, одржал презентација и предавање за современата уметност и теоретските концепти во Источна Европа, со акцент на регионот каде се наоѓа

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да“
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места

Македонија, а презентирал и дел од својата продукција. Смета дека остварените контакти му нудат можност за продолжување на соработката на други проекти и изложби.

Статијата е прочитана 1582 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Изложба на иконописни дела од Дичо Зограф**
**Етнолошка изложба во Велес**
**Свечен собир по повод 100 години од раѓањето на Рацин**
**На штипски „Исар“ откриена средновековна црква**
**Трпчески на турнеја во Шкотска**
**Дела на Сафет Спахиу во Чифте-амам**
**Музиката на Бетовен за старт на концертна сезона на Филхармонијата**

## КОМЕНТАРИ



РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани